РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 03-234/1
13. 02. 2023 год
ПЕХЧЕВО

# ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Ул.Равен број 8 2326 Пехчево Република Северна Македонија
Тел/факс ++389 033 441 321
e-mail: opstina_pehcevo@t..mk www.pehcevo.gov.mk

Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики (,,Службен весник на РСМ,, бр.10/2020) , а согласно член 12-г од Статутот на Општина Пехечво (Службен гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево распишува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## За формирање иницијативен одбор за конституирање на Локално собрание на млади на општина Пехчево

### 1. Опис на јавниот повик

Општина Пехчево распишува Јавен повик за членови за формирање иницијативен одбор на општина Пехчево, кои ќе бидат дел од иницијативата за основање Локален младински совет во Општина Пехчево.

Иницијативниот одбор е составен од најмногу 5 (члена, групи), жители на општина Пехчево, на возраст од 15-29 години.

Улогата на иницијативниот одбор е да ја спроведе постапката за конституирање на Локален младински совет, со што неговата функција престанува.

Задачи на Иницијативниот одбор се:

• Поддршка на Општината во креирањето или ревидирањето на актите и одлуките кои го уредуваат формирањето и работата на ЛМС,

• Распишување повик за Конститутивното локално собрание на млади во согласност со Статутот на Општината по принципот на јавност и транспарентност,

• Соработка со Општината при организација и одржување на Конститутивното локално собрание за млади.

### 2. Право на учество

Во иницијативниот одбор можат да членуваат:

- Младински организации
- Организации за млади

- Политички подмладоци

- Ученички организации

- Други облици на младинско здружување кои работат и функционираат на територијата на општината и сакаат да учествуваат во основањето на Локалниот младински совет.

## 3. Потребна документација

Задолжителни документи кои се доставуваат:

• Портфолио на организацијата/групата/здружението,

• Извештај за активности со млади во изминатата година,

• Писмо со номинација за член во Иницијативен одбор и општи и контакт информации за членот.

Дополнителни (опционални) документи се:

• Годишна програма за работа,

• Кратко мотивациско писмо од страна на номинираниот член и кратка биографија.

## 4. Начин на Пријавување

Пријавите со целокупната документација се доставуваат до архивата на Општина Пехчево во затворено плико, секој работен ден од 7:30 до 15:00 часот, со назнака *За јавниот повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално собрание на млади на општина Пехчево.*

**РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ**

Пет (5) работни дена, започнувајќи од 14.02.2023 до 20.02.2023 година.

13.02.2023

Пехчево

Општина Пехчево

Градоначалник

Александар Китански

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПЕХЧЕВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО